**20090941808**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 7 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2008), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И КАДРИТЕ ЗА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА И ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ПУШТААТ НА ПАЗАР ВОЗИЛА ДОКОЛКУ ИЗДАВААТ ПРОБНИ ТАБЛИЦИ

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во однос на просторот, опремата и кадрите за правните лица за регистрација на возила и правните лица кои пуштаат на пазар возила доколку издаваат пробни таблици.

## II. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

### Член 2

Правните лица кои вршат регистрација на возила треба да имаат просторија осветлена со дневна светлина, со природно или вештачко (со вентилациони уреди) проветрување, во која има простор за пристап на странките и простор за опремата од член 4 на овој правилник.

Покрај просторијата од ставот 1 на овој член, треба да има соодветно обезбедена, односно заштитена помошна просторија (магацин) за складирање на регистарските таблици, во непосредна близина на просторијата од ставот 1 на овој член.

### Член 3

Правните лица кои пуштаат на пазар возила доколку издаваат пробни таблици, за вршење на работите на издавање пробни таблици треба да имаат:

- посебна просторија од членот 2 од овој правилник или
- соодветен простор во рамките на објектите каде вршат продажба на возила кој ги исполнува условите пропишани за посебната просторија од членот 2 од овој правилник.

## III. УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ОПРЕМАТА

### Член 4

Правните лица за регистрација на возила и правните лица кои пуштаат на пазар возила, доколку издаваат пробни таблици, треба да имаат опрема, и тоа:

- работна маса (пулт, шалтер, биро);
- метална каса;
- телефонска врска;
- опрема за канцелариско работење и
- соодветна информатичка опрема, софтверска апликација што овозможува поврзување со автоматската евиденција на регистрирани возила што ја врши Министерството за внатрешни работи и интернет конекција од минимум 1 mb/s,

Правните лица кои пуштаат на пазар возила треба да имаат и дополнителна метална каса за складирање на пробните таблици.

## IV. УСЛОВИ ВО ОДНОС НА КАДРИТЕ

### Член 5

Правните лица за регистрација на возила и правните лица кои пуштаат на пазар возила, доколку издаваат пробни таблици, треба да имаат вработено лице кое освен општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следните услови:

- да има завршено средно образование и
- да има потврда (сертификат) за основни познавања од областа на информатиката.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.14.1-49264-1<br>
24 јули 2009 година<br>
Скопје

Министер<br>
за внатрешни работи,<br>
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.